РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3193/2
02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-тата седница одржана на 28.01.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3193/1 од 14.09.2020 година, против службено лице - градоначалник на /// **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Предметот со број 12-3193/1 од 14.09.2020 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 14.09.2020 година, поднесена е пријава за градоначалникот на /// и оформен е предмет број 12-3193/1 од 14.09.2020 година.

Во пријавата подносителот изнесува општи наводи дека градоначалникот на /// ја искористил својата службена положба и вработил роднини, партиски членови и други лица во училишта и други јавни институции, при што во пријавата наведените лица и институции не се именувани.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи по што оцени дека нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**